совет за етика во
медиумите на македонија

18.07.2016г.

**О Д Л У К А**

**На Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), по жалбата на Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", за текстот со наслов "Љуми Бекири предлага "шиптар, педер, комуњар и соросоид за премиер" односно се предлага сам за премиер", објавен на 09.05.2016 година, во 03 часот и 15 минути, на Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk)**

**Ж А Л Б А Т А Е О С Н О В А Н А**

Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членовите 10, 11, 13 и 14.

Член 10.

*"Новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."*

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595

Член 11.

*“Новинарот ќе се придржува и на оптшоприфатените општествени стандарди на пристојност и почитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија (...).”*

Член 13.

*“Новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.”*

Член 14.

*“Известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.”*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на ден 01.06.2016 година, Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници" поднесе жалба за текстот со наслов "Љуми Бекири предлага "шиптар, педер, комуњар и соросоид за премиер" односно се предлага сам за премиер", објавен на 09.05.2016 година, во 03 часот и 15 минути , на Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот изобилува со говор на омраза, навреди кон Љуми Бекири и испревртување на реалноста. Од Коалицијата велат дека во текстот станува збор за содржина и приватна фотографија кои се преземени од личниот профил на Љуми Бекири на Фејсбук, кои никако не можат да бидат предмет на јавен интерес. Во жалбата се наведува дека споменатиот текст е уште еден пример за текст објавен на Интернет порталот Пулс 24, каде сексуалната ориентација, етничкото потекло и политичките убедувања се користат да се оцрнат политичките неистомисленици. Се нагласува и дека Бекири се омаловажува во текстот поради неговата сексуална ориентација и родов идентитет. Во жалбата се вели и дека по поставувањето на линк од текстот на Фејсбук страната на Пулс 24, ефектот посакуван од текстот е видлив по коментарите на посетителите кои содржат повици за насилство, навреди и говор на омраза врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со член 12 од Деловникот на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со Интернет порталот Пулс 24 и побара уредничкиот колегиум да се изјасни по однос на наводите од жалбата.

Главната и одговорна уредничка на Интернет порталот Пулс 24, Емилија Велиновска, испрати одговор на наводите на жалителот. Во одговорот се вели дека во текстот станува збор за преземен статус од Фејсбук, јавен статус кој што е пренесен во целост со веста на Пулс 24, а за истата објава во текстот е прикажана и слика. Се вели дека објавата е пренесена онака како

што е напишана на социјалните мрежи и на тој начин во ниту еден случај од страна на Пулс 24 не е испревртена реалноста и не е употребен говор на омраза.

Комисијата за жалби најде дека жалбата во однос на содржината е ОСНОВАНА.

***

При своето одлучување Комисијата ги зеде предвид и:

- **Декларацијата за слободата на политичка дебата во медиумите на Советот на Европа од 12.02.2004 год.** во делот " потсетувајќи на тоа дека слободата на изразување носи со себе обврски и одговорности, кои професионалните кадри во областа на медиумите мораат да ја имаат на ум, како и на тоа дека таа може да биде ограничена со закон, за да се одржува рамнотежа помеѓу користењето на ова право и почитување на другите основни права, слободи и интереси заштитени со Конвенцијата"

- **Препорака CM/Rec(2010)5 на Комитетот на министри до земјите-членки во врска со мерките за борба против дискриминација по основа на сексуална ориентација или родов идентитет** во делот "Согледувајќи дека лезбејките, хомосексуалците, бисексуалците и трансродовите лица со векови биле и сè уште се предмет на хомофобија, трансфобија и други форми на нетрпеливост и дискриминација дури и во рамките на своите семејства – вклучително и криминализација, маргинализација, социјално исклучување и насилство – заради сексуалната ориентација или родовиот идентитет, и дека се потребни посебни активности за да се овозможи целосно уживање на човековите права од страна на овие лица;"
**и глава Б точка 6 - "Говор на омраза" од истата Препорака** во која се вели "Земјите-членки треба да преземат соодветни мерки за борба против сите форми на изразување, вклучително во медиумите и на интернет, за коишто со право се смета дека веројатно ќе имаат ефект на поттикнување, ширење или промовирање на омраза или други форми на дискриминација на лезбејки, хомосексуалци, бисексуалци и трансродови лица. Таквиот „говор на омраза" треба да биде

забранет и јавно отфрлен секогаш кога ќе се случи. Сите мерки треба да го почитуваат основното право на слобода на изразување во согласност со член 10 од Конвенцијата и судската пракса на Судот"

**-Пресуда на ЕСЧП Vejdeland и останатите против Шведска, жалба бр. 1813/07, пресуда од 9 февруари 2012**, каде во овој случај жалителите се прогласени за виновни за дистрибуирање во средно училиште на околу 100 летоци кои според шведските судови се оценети како навредливи за хомосексуалците. Жалителите ги дистрибуирале летоците преку организација наречена Национална Младина, оставајќи ги во или на шкафовите на учениците. Летоците содржеле информации и изјави дека хомосексуалноста е „девијантна сексуална наклонетост", има „морално деструктивен ефект врз срцевината на општеството" и е одговорна за развојот на ХИВ и СИДА. Жалителите пред Судот посочија дека нивната цел не била да изразат презир кон хомосексуалците како група и истакнаа дека целта на нивната активност била да покренат дебата за недостигот на објективност во образованието во Шведските училишта. Судот утврди дека ваквите изјави претставуваат сериозни и штетни тврдења, дури и ако тие не биле директен повик за акти на омраза. Судот заклучи дека нема повреда на член 10 .

***

На седницата на 23.06.2016 година, Комисијата за жалби ги разгледа наводите на жалителот Коалицијата "Сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници", направи увид во наведениот текст и го прочита одговорот од главната и одговорна уредничка на Интернет порталот Пулс 24, Емилија Велиновска.

Комисијата констатира дека станува за текст со внатрешно-политички контекст со кој се повредуваат индивидуални човекови права, односно со говор на омраза се стигматизира личност, но и цела социјална група врз основа на сексуална ориентација или родов идентитет.

Понатаму Комисијата ја зеде предвид и практиката на ЕСЧП за елементите на говор на омраза: намерата, содржината, односно контекстот на изразувањето и забранетата последица.

Во однос на намерата за создавање на текстот, Комисијата најде дека авторот користи ФБ статус на лицето Љуми Бекири во полова конотација, без притоа да утврди дали тој е автор на постот и да побара дообјаснување за оваа негова позиција, туку навлегува во индивидуално толкување на нештата. Притоа, преку него има намера да ја деградира ЛГБТ популацијата и целокупната социјална група ја поистоветуваат со т.н. 'Соросоиди' - наметнува политичка димензија на нивната социјална или полова припадност, иако секој има индивидуално неприкосновено право за политичка ориентација.

Во однос на намерата на содржината, односно контекстот на изразувањето на текстот, членовите на Комисијата најдоа дека авторот на текстот не е потпишан, со што целата одговорност за содржината ја презема интернет порталот Пулс24. Понатаму, Комисијата најде дека изјавата на Љуми Бекири е земена од неговиот личен ФБ профил, а тој не е ниту политичар, уметник новинар и сл., туку е обичен граѓанин кој само дава свој коментар и видување за актуелната политичка ситуација во државата, право што произлегува од чл.16 од Уставот на РМ. Во однос на тоа дека споменатото лице не е дел од општествената елита укажува и самиот автор на текстот кога го карактеризира како лице познато за јавноста единствено од студентските протести. Целокупните коментари околу овој текст ги дава лично авторот на текстот, односно не прави разлика меѓу фактите и мислењата.

Во однос на забранетата последица, Комисијата утврди дека со говорот на омраза што го користи авторот, покрај тоа што причинува повреди на достоинството на лицето/ на кое/кои се однесува, исто така е и говор кој има способност да доведе до нарушување на јавниот ред и мир или насилство и тоа како инциденти или, пак, разгорување на насилство помеѓу

односните групи во општеството, така и криминал од омраза кон лицата претходно таргетирани со говорот на омраза.

***

Комисијата за жалби најде дека во спорниот текст со наслов "Љуми Бекири предлага "шиптар, педер, комуњар и соросоид за премиер" односно се предлага сам за премиер", објавен на 09.05.2016 година, во 03 часот и 15 минути, на Интернет порталот Пулс 24, прекршен е членот 10, според кој новинарот нема свесно да создава ниту да преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација врз која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка...)."

Комисијата најде дека е прекршен член 11, според кој новинарот мора да биде свесен за последиците и ефектите од неговите зборови, мора да внимава на нивниот избор и не смее да навредува или да исмејува. Професионалниот новинар никогаш нема да зборува за личности врз основа на стереотипи и предрасуди за расата, полот, возраста, религијата, етничката припадност, сексуалната ориентација, телесниот недостаток, физичкиот изглед или социјалниот статус.

Комисијата најде дека е прекршен член 13, според кој новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот.

Комисијата констатираше дека е прекршен и член 14, според кој известувањето од политичките процеси, посебно од изборите, треба да биде непристрасно и избалансирано. Новинарот мора да обезбеди професионална дистанца од политичките субјекти.

Во согласност со наведеното Комисијата одлучи како во диспозитивот.

# совет за етика во медиумите на македонија

Во работата на Комисијата за жалби учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Теофил Блажевски, Гоце Герасимовски, Филип Ѓурчиновски и Беким Ајдини.

**Се обврзува Интернет порталот Пулс 24 (www.puls24.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави одлуката на Комисијата за жалби.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Совет за етика во медиумите на Македонија ЕТИКА ПРЕС Скопје

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Ул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје Македонија

www.semm.mkinfo@semm.mk 0038923222595